Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 111, 14 октомври 2013 година

октомври 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област медицинска биохемија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научните области историја на филозофијата и етика на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за збор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области педагогија и теорија на воспитување на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област маркетинг на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Стабилност на терен“ од авторот д-р Ристо Поповски ........ 64

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА ФИЛОЗОФИЈАТА И ЕТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-271/4 од 18.9.2013 година, донесена на 41. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 18.9.2013 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања за научните области историја на филозофијата и етика на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На Конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 5.9.2013 година, во предвидениот рок, се пријавиле кандидатите: д-р Трајче Стојанов и д-р Бошко Караџов. Врз основа на увидот и анализата на сите поднесени документи, имаме чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Кандидатот д-р Трајче Стојанов ги поднесол следниве документи:**

1. Документи за завршено соодветно образование;
2. Куса биографија;
3. Потврда за познавање на еден светски јазик;
4. Список на објавени научни и стручни трудови;
5. По еден фотокопиран примерок од објавените трудови;
6. Примерок од докторската дисертација (во е-репозиториум);
7. Уверение за државјанство;
8. Заверена копија од извод на матичната книга на родените.

***Биографски податоци***

**Д-р Трајче Стојанов** е роден во 1977 година во Штип. Дипломирал на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет - Скопје во 2000 година со просечен успех 9,40. На истиот Институт ги запишал постдипломските студии, завршувајќи ги со средна оценка 9,75. Со одбраната на магистерскиот труд „Философско-религиските импликации во творештвото на Ф. М. Достоевски“ во ноември 2007 година се здобил со научен степен магистер по филозофски науки. Во мај 2013 година ја одбранил докторската дисертација на тема „Основни проблеми и особености на руската религиска философија“.

Во периодот од 2002 год. до сега, д-р Трајче Стојанов бил ангажиран прво како помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип, тогаш во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, а потоа и како асистент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Активно ги зборува англискиот и рускиот јазик.

***Наставно-образовна дејност и научноистражувачка дејност***

Во 2002 година, д-р Т. Стојанов бил вработен како помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип, тогаш во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во 2004 година бил реизбран во истото звање, а како асистент бил избран во 2007. Во звањето асистент бил повторно избран во 2011 година. Кандидатот Т. Стојанов одржувал часови за вежби, со неделен фонд од еден час, по следниве предмети: Филозофија, Логика, Етика, Естетика, на Факултетот за образовни науки, а предметот Реторика на Правен факултет, Професионална етика на Факултет за информатика и Антропологија на Филолошки факултет при УГД - Штип.

Членовите на Рецензентската комисијата утврдија дека д-р Трајче Стојанов од областа наставно-образовна дејност остварил 34,50 поени.

***Во научноистражувачката дејност ги истакнуваме следниве елементи:***

***Скрипти, учебни помагала***

– Е-скрипта: *Философија*: *Византиска и руска философија*, скрипта за студентите на Факултетот за образовни науки
– Е-практикум: *Философија – есеи за дискусија*, практикум за студентите на Факултетот за образовни науки

***Обуки***

– 30 септември 2010, Штип, *Активно учење во големи студентски групи – невозможност или предизвик, во организација на* American Councils for international education, и Junior Faculty Development Program.
– 1-5 ноември 2007, Охрид – обука: *Менторство и подучување*;
<http://www.worldlearning.org.mk/sodrzini.php?idMeni=&podMeniNa=17&podmeni=on&action=2&idSod=111>
– 23 мај до 25 мај 2006, *Читање и пишување до критичко мислење*, Обука за иновативни методи во наставата во организација на SOROS;
<http://www.soros.org.mk/default.asp?lang=mak&menuid=66>
– 30 јануари - 1 февруари 2006, Охрид - *Изготвување курикулуми во светло на Болоњскиот процес* – обука за ЕКТС.

***Објавени стручни, научни трудови и презентации***

– „Filozofski sistem Dostojevskog (pokušaj rekonstrukcije)" Diacovensia, Vol.25 No.1 Svibanj 2010. <http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=79652>
– „Проблемы русской идентичности в восприятии иностранца" *Славянский мир в третьем тысячелетии. Славянские народы: векторы взаимодействия в Центральной, Восточной и Юго-Восточной Европе*, **Учреждения Российской академии наук Института славяноведения РАН, Москва, 2010 618 с <http://www.inslav.ru/index.php?option=com_content&view=article&id=350:2010-05-29-17-03-36&catid=6:2009-08-05-10-46-59&Itemid=2.>**
– „Istoriografija I politika: Sadašnji državljanin u bivšoj republici", T.Stojanov, O. Cackov, Međunarodni slavistički skup, III Njegoševi dani, од 2-4 Септември, 2010, Никшиќ, Црна Гора.
<http://www.ff.ac.me/index09.html>
– „Информација за реализираниот студиски престој на Московскиот педагошки државен универзитет". *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], Книга 7, год. 5 (2007/2008), 53-57
– „Преглед на руската философија и утврдување на нејзините особености." *Философија* [Скопје], бр. 19 (септември 2006), 49 – 83.
<http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=7&sid=1>
– „Мистична теологија на обожувањето", *Философија* [Скопје], бр.17 (март, 2006), 89 – 115.
<http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=6&sid=1>
– „Моралниот лик на наставникот – предуслов за квалитетно етичко образование", *Зборник 2005-2008 на Граѓанската асоцијација на* учители [Штип], мај 2008, 75-79
– „School for aeternal values", Contemporary intentions in education, Vol.2, IV International Scientific Conference, June, 2008, Ohrid
– „За особеностите на руската философија", *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], бр. 5-6 (2005/2006), 119-132
– „Попер, Кун и Лакатош за проблемот на научното откритие", *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], бр. 3-4 (2003/2004), 93-103
– „Попер, Кун и Фаерабенд за проблемот на научното откритие", *Философија* [Скопје], бр. 8 (2003), 101 - 112.
<http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=2&sid=1>

– „Скица на еден нихилизам”, *Воспитание* [Штип], бр.3(2002), 88 - 91. http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=4&sid=1
– „Скица на една телеологија“, *Воспитание* [Штип], бр.4-5 (2003/2004), 126 - 129. <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=5&sid=1>

***Преводи на стручни, научни трудови***

„*Политички предизвици на воспитувањето*“, Стојниќ, Миленко С, Ставрева-Веселинова, С. - преведувач // Стојанов, Трајче – преведувач. Филозофија. - ISSN 1409-9985. - Год. 8, бр. 27 (ноември 2009).
<http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=9&sid=1>

– *„Дјуиевата критика на традиционалниот поим за вистината“*, Вучина Зориќ, превод од црногорски јазик Трајче Стојанов, *Филозофија* [Скопје], бр. 26 (мај 2009), 73-92
– „*За единството на руската философија*“, Михаил А. Маслин, превод од руски јазик Трајче Стојанов, *Филозофија* [Скопје], бр. 25 (јуни 2008), 83-99

***Книги***

– *Достоевски: од подземјето до Богочовекот*, Аз-Буки, Скопје, 2008 <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=8&sid=1>

***Специјализации и студиски престои во странство***

Студиски (специјалистички), престој во **Москва, Русија** на *Московскиот државен педагошки универзитет* (МПГУ), во период од 22.3.2008 до 10.6.2008 година.

***Учество на конференции, симпозиуми, трибини и излагања***

30-31 август 2013, Дојран, Р. Македонија, *Воведување на концептот за меѓуетничка интеграција во образованието на факултетите за идни наставници*, во рамки на проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.

– 2-4 септември 2010, Никшиќ, Црна Гора, Međunarodni slavistički skup, III Njegoševi dani
<http://www.ff.ac.me/index09.html>
– 13-20 јуни 2010 г. Наполи, Италија, учество на XIV Меѓународен симпозиум за Достоевски на тема: Mente filosofica e squardo di scrittore (Philosophical mind, Writer`s Eye), организиран од *Меѓународното друштво за Достоевски (IDS) <http://dostoevsky.org/participants.pdf>*
– 31.3.2010 г. Международная научна конференция «Славянский мир в третьем тысячелетии», проводимой с 1991 г. в рамках празднования Дней славянской письменности и культуры Институтом славяноведения РАН, Комитетом межрегиональных связей и национальной политики Правительства Москвы, Славянским фондом России и Государственной академией славянской культуры. <http://old.inslav.ru/konf_2008slavmir2.html>
– 27-29 ноември 2009, Ѓаково, Р. Хрватска, учество на меѓународен симпозиум *Руска религиска философија-избрани аспекти*;
<http://www.djkbf.hr/node/206>
– Јуни 2008 IV International Scientific Conference, *Contemporary Intentions in Education*, Ohrid, R. Macedonia;
– 23-26 септември 2007, Црес, Хрватска, учество на меѓународен симпозиум на тема: *Човек и култура*, во рамките на *16-ти Денови на Фрање Петрич*;
<http://www.hrfd.hr/content/dani-frane-petrica>
– мај 2007, Научна конференција на *Граѓанската асоцијација на учителите на Република Македонија*.

***Анализа и оцена на избор од научните и стручните трудови***

***„Основни проблеми и особености на руската религиска философија“ - докторска дисертација.***

Докторскиот труд на кандидатот д-р Т. Стојанов е посветен на основните проблеми и особености на руската религиска филозофија која, како што укажува авторот, често била ставана на маргините на теоретското филозофско проучување. Сепак, тврди тој, таа ги носи сите белези на вистинска автентично-руска филозофија. Ревитализацијата на интересирањето за автентичната руска мисла, според кандидатот, се манифестира преку отворањето на живи дебати за спецификата на оваа филозофија, а оваа ситуација д-р Стојанов ја гледа како можност за нејзино афирмирање во македонската академска средина.

Како предмет на неговото теоретско истражување, д-р Т. Стојанов ги зема проблемите на руската религиска филозофија изнесени во делата на руските мислители и коментарите и обработката на таа филозофија во прегледите и историите на руската филозофија. Иако руската филозофија има богата атеистичка и материјалистичка традиција која, како што оценува кандидатот, заслужува должно внимание, сепак тој ја остава за друга пригода.

Целта на истражувањето е да се детектираат, издвојат, вообличат и објаснат основните проблеми на руската религиска филозофија, но и да се дефинираат нејзините специфични обележја, иако кандидатот укажува дека тоа не е работа на само еден труд и само на еден автор. Затоа, д-р Стојанов прецизира дека во својата дисертација ги издвојува проблемите кои се незаобиколни при третирањето на руската религиска филозофија, проблеми кои ја одбележале неа како посебна филозофска традиција. Притоа, како своја задача кандидатот ја поставува анализата на делата на авторите кои ги обработуваат фундаменталните проблеми на руската религиска филозофија и механизмите на нивното апстрахирање, но и да се издвојат особеностите на таа филозофија.

Преку екстензивни и продлабочени анализи на основните проблеми и особености на руската религиска филозофија, во трите глави на оваа дисертација „Историски контексти“ (проследена низ осум потглави), „Основни проблеми во руската религиска филозофија“ (со пет потглави: „Соборно познание“, „Сеединство“, „Софија“, „Богочовештво“ и „Руска идеја“) и „Особености на руската религиска философија“ (во пет поглавја), кандидатот искажува надеж дека ова истражување ќе фрли светло на една поинаква филозофска традиција која била неоправдано игнорирана. Ваквата филозофска толерантност, смета м-р Стојанов, може да биде почеток на истражувањето на основите на македонската филозофска мисла.

**„Мистична теологија на обожувањето“ - *Филозофија* 17 (март 2006): 89 – 115.**

Предмет на интересирање на кандидатот во овој текст се антрополошките импликации на православната филозофија, кои, како што тој укажува, ги смета за најинтимна суштина на целокупното православно учење. Во првиот дел на текстот „Устројството на човекот“, кандидатот ги поставува прашањата за местото и улогата на човекот во светот, составот на човекот, состојбата на човекот пред и по Падот и прашањето за човекот како образ и подобие Божјо. Во вториот дел, кандидатот ја изложува православната теорија за личноста како централен дел на византиската антропологија, компарирајќи ја со некои модерни теории за личноста. Теоријата за обожувањето како целосно остварување на личноста, авторот ја изложува во третиот дел. Како последен елемент на православната антропологија, кандидатот ја посочува нејзината есхатолошка димензија.

**„School for aeternal values“ *Contemporary intentions in education* Vol.2, IV International Scientific Conference, June, 2008, Ohrid**

Д-р Трајче Стојанов, во коавторство со Борче Костов и Билјана Стојанова, го разгледува школото како место за достигнување највисок степен на личен развој, себеактуализација и себеинтеграција. Со оглед на тоа што развојот на личноста на ученикот од секој аспект (интелектуален, морален и естетски) е централен проблем на современото образование, школото, според авторите, не треба да се разгледува само од неговиот социјален и историски контекст. Доброто образование, според авторите, е невозможно без можноста за вежбање на есенцијалните вредности за добар живот и општествено добро однесување.

**„Достоевски: од подземјето до Богочовекот“, Скопје: Аз-Буки, 2008**

Оваа книга на д-р Т. Стојанов го содржи интегралниот текст на магистерскиот труд што кандидатот го одбранил на Институтот за филозофија, Филозофски факултет - Скопје. Во неа тој си задава за задача преку автентична анализа да го расветли филозофскиот, историскиот и културниот контекст во кој творел Ф. М. Достоевски, и истовремено да го сврти вниманието кон доминантниот Западен кон Источниот, неправедно маргинализиран, православен духовен простор. Тоа го прави низ две тематски целини, истовремено користејќи ги и проблемскиот и хронолошкиот метод во толкувањето на филозофијата на Достоевски.

Во првата глава, „Уметникот-мислител Ф. М. Достоевски“, инаку поделена во две потглави („Достоевски филозоф?“ и „Карактеристики на мислата и творештвото“), кандидатот ги прецизира појдовните постулати и демаркациските точки на своето истражување. Во неа заклучува дека постои конкретна основа Достоевски оправдано да се третира како филозоф, не само од проблемски, туку истовремено и од поширок историско-социолошки контекст.

Во втората глава, „Философско-религиски импликации“, низ осум потглави („Смирение“, „Првичните идејни настроенија“, „Волја за моќ“, „Личниот философски завет“, „Детектирање на философските идеи“, „Гносеологија - поставување на проблемот“, „Антропологија - разрешување на проблемот“ и „Религија - синтезата на Богочовекот“), кандидатот ги анализира филозофските проблеми поставени во делата на Достоевски, кој подоцна ги синтетизира во три главни тематски подрачја: гносеологија (каде се откриваат антиномиите на умот), антропологија (каде што се открива подвоеноста на човекот од метафизички аспект) и религија (каде што се одвива синтезата на човекот, во Богочовекот). Како заклучок, кандидатот укажува дека филозофијата на Достоевски се градела врз тлото на православната Русија и токму поради тоа ја именува како „филозофија во духот на христијанството“. Имено, таа се занимава со филозофски проблеми кои се сместени и решени во православен религиски контекст.

**„Filozofski sistem Dostojevskog (pokušaj rekonstrukcije)” *Diacovensia*, 25, 1 (2010) : 197-208.**

Во овој текст кандидатот д-р Т. Стојанов си ја задава задачата да ги реконструира основните филозофски проблеми во творештвото на Достоевски, но истовремено да го постави и прашањето за можноста и начините за реконструкција на филозофијата на Достоевски во целина. Со истовременото користење на хронолошкиот и проблемскиот пристап, кандидатот издвојува три главни тематски подрачја во кои се движи филозофијата на Достоевски. Тоа се: *гносеологијата*, каде што тој ја открива антиномичната природа на умот, поради што своето внимание го пренесува на полето на *антропологијата*, каде што го поставува прашањето за човекот и слободата како детерминанта на неговата суштина, за на крај синтезата да ја направи на полето на *религијата* каде што се решава антиномијата на човековото постоење, во Богочовекот Христос.

**„За особеностите на руската философија“ *- Годишен зборник на Педагошки факултет* 5-6 (2005/2006) : 119-132**

Во овој текст авторот ги определува особеностите на руската философија преку нејзина кратка ретроспектива од почетокот на XVII до средината на XX век. Тој тврди дека во суштина, нејзината основа лежи на претпоставките на православното христијанство, но укажува дека филозофијата не е заменета со теологија, а уште помалку дека руската филозофија е субординирана на православната религија. Таа се издигнува од православната црква и станува sub specie eclesis.

**„Попер, Кун и Фаерабенд за проблемот на научното откритие” - *Филозофија* 8 (2003) : 101 - 112**

Овој текст, кандидатот д-р Т. Стојанов, го посветува на проблемот на научното откритие, како клучен проблем во филозофијата на науката, низ делата на најзначајните автори поврзувани со оваа проблематика, имено Попер, Кун и Фаерабенд. Според авторот, иако Куновата теорија поседува проблематични делови, сепак постојат разлози таа да се смета за посеофатно објаснувачка на научниот процес. Како за Кун, така и за Попер и за Фаерабенд, откритието е чин неподатлив за логичка анализа затоа што е сведено на „еурека-момент“, но како што анализира авторот, во Куновите тези можат да се воочат психолошките механизми кои водат до чинот на откритието. Со тоа што проблемите поврзани со научното објаснување сега се префрлаат на психолошко тло, според кандидатот, Куновата теорија е порелевантна кога станува збор за оваа проблематика.

Ставот бранет во овој текст, кандидатот го ревидира во текстот

**„Попер, Кун и Лакатош за проблемот на научното откритие“ - *Годишен зборник на Педагошки факултет* 3-4 (2003/2004) : 93-103**

Како најрационално решение на проблемот на научното откритие ја смета теоријата не само на Кун, туку и онаа на Лакатош. Според д-р Т. Стојанов, главниот недостаток на Куновата теорија треба да се надополни со „научноистражувачките“ програми на Лакатош.

**„Скица на еден нихилизам” - *Воспитание* 3 (2002) : 88 - 91**

Д-р Т. Стојанов во овој текст поставува некои основни прашања за смислата и суштината на образованието во светло на етичкиот интелектуализам на Сократовите ставови дека знаењето не е цел за себе, туку пред сè, средство за морално дејствување. Равенството знаење=добродетел, кандидатот го става под отровот на скептицизмот, укажувајќи на примерите во кои тоа не се потврдило. Како единствен догматски одговор на нихилистичката скица која ја поставува д-р Стојанов во овој текст е неоткажувањето од знаењето, но со која причина, како и што со него, се прашањата кои ги остава отворени за понатамошна дискусија.

Овие отворени дилеми, кандидатот ги продолжува во текстот

**„Скица на една телеологија“ - *Воспитание* 4-5 (2003/2004) : 126 - 129**

Каде што Кантовиот став дека човекот е единственото суштество што мора да биде воспитано, го поставува како суштински императив на сите воспитувачи. Имајќи ја предвид иманентната потреба на образовниот процес човекот да стане подобар, поумен, поубав и почовечен, воспитувачите со својата улога ја помагаат промислата на творецот. Според кандидатот, тие во Сократов манир треба да го „породуваат“ никулецот на доброто, човечното и божественото и затоа таа улога е голема и благородна.

Кандидатот од научноистражувачка дејност освоил 78,50 поени.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Што се однесува до стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност, кандидатот д-р Т. Стојанов го фокусирал своето внимание и учество во многубројни комисии и тела на локално и на меѓународно ниво. Членува во повеќе професионални асоцијации (Руско философско друштво, Хрватско философско друштво, International Dostoevsky Society), а ја извршува и функцијата на член на Извршниот одбор на Философското друштво на Македонија. Објавил и четири труда во стручни списанија што ги наведуваме во продолжение.

***Трудови во стручни списанија***

– „*Платон* vs. Аристотел.“ *СУМ* [Штип], *бр.45* (2009), 109 -113.
– „Творештвото како акт на Ерос (Платоновото поимање на љубовта)” *СУМ* [Штип], *бр.38* (2003), 109 -113.
<http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=3&sid=1>

- „Апофатизмот како темел и источник на православната мисла“ *Троичник* [Штип], бр.12 (декември 2005), 33-38
- „Мојот избор: Кјеркегор, Ниче, Достоевски - тројца сурови реалисти” *СУМ* [Штип], *бр.31(2001),* 112 - 124. <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=1&sid=1>

Имајќи ги предвид овие активности на кандидатот, Комисијата утврди дека од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, кандидатот остварил 24 поени.

| Бр. | АКТИВНОСТИ | Бодови |
|---|---|---|
| | | |
| **I** | **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| 1 | **Позитивно рецензирана скрипта** | |
| Скрипта „Философија: Византиска и руска философија“ | | 8 |
| 2 | **Позитивно рецензиран практикум** | |
| Практикум по „Философија: есеи за дискусија“ | | 8 |
| 3 | **Рецензент на учебник, скрипта и сл.** | |
| | Рецензент на МОН за учебник по Етика на религиите | 1 |
| 4 | **Научно - популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма** | |
| - Серија текстови „Руска идеја“ во „Руска реч“ (8 текста) http://ruskarec.mk/blogs/trajce_stojanov | | 4 |
| 5 | **Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација** | |
| Ораторски средби Скопје | | 1 |
| 6 | **Член на комисија на ученички или студентски натпревари** | |
| Ораторска вечер на Правен факултет при УГД – Штип | | 0,5 |
| 7 | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот на прв циклус студии)** | |
| Философија, Логика, Етика, Естетика, Професионална етика, Антропологија, Реторика на: Факултетот за образовни науки, Факултет за информатика, Правен факултет и Филолошки факултет при УГД - Штип | | **8** |
| 8 | **Статија во наставно-образовно списание** | |
| „Моралниот лик на наставникот – предуслов за квалитетно етичко образование“, *Граѓанска асоцијација на учители* [Штип], мај 2008, 75-79 | | **4** |
| **Вкупно од наставно-образовна дејност** | | **34.5** |
| **II** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО -УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | |
| | | |
| 1 | **Монографија или научна книга** | |
| - „Достоевски: од подземјето до Богочовекот“, Аз – Буки, Скопје, 2008 | | 10 |
| 2 | **Прегледен труд** | |
| „Преглед на руската философија и утврдување на нејзините особености“ *Филозофија* [Скопје], бр. 19 (септември 2006), 49 – 83 | | 5 |
| „За особеностите на руската философија“ *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], бр. 5-6 (2005/2006), 119-132 | | 5 |
| „Попер, Кун и Лакатош за проблемот на научното откритие“ *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], бр. 3-4 (2003/2004), 93-103 | | 5 |
| „Попер, Кун и Фаерабенд за проблемот на научното откритие” *Филозофија* [Скопје], бр. 8 (2003), 101 - 112 | | 5 |
| 3 | **Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание** | |
| „Filozofski sistem Dostojevskog (pokušaj rekonstrukcije)” Diacovensia, Vol.25 No.1 Svibanj 2010 | | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| „Мистична антропологија на обожувањето“, Филозофија [Скопје], бр.17 (март 2006), 89 – 115 | | 3 |
| „Скица на еден нихилизам”, *Воспитание* [Штип], бр.3 (2002), 88 – 91 | | 3 |
| „Скица на една телеологија“, *Воспитание* [Штип], бр.4-5 (2003/2004), 126 – 129 | | 3 |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир** | |
| - **„**Проблемы русской идентичности в восприятии иностранца“ Славянский мир в третьем тысячелетии. Славянские народы: векторы взаимодействия в Центральной, Восточной и Юго-Восточной Европе, Учреждения Российской академии наук Института славяноведения РАН, Москва, 2010 618 стр | | 2 |
| School for aeternal values“, Contemporary intentions in education, Vol.2, IV International Scientific Conference, June, 2008, Ohrid | | 1 |
| „Istoriografija i politika: Sadašnji državljanin u bivšoj republici“, T.Stojanov, O.Cackov, Međunarodni slavistički skup, III Njegoševi dani, од 2-4 Септември, 2010, Никшиќ, Црна Гора | | 2 |
| 5 | **Учество на научен собир со реферат во земјава и во странство** | |
| 2-4 септември 2010, Никшиќ, Црна Гора, Međunarodni slavistički skup, III Njegoševi dani | | 1,5 |
| 13-20 јуни 2010 г. Наполи, Италија, учество на XIV Меѓународен симпозиум за Достоевски на тема: Mente filosofica e squardo di scrittore (Philosophical mind, Writer`s Eye), организиран од *Меѓународното друштво за Достоевски (IDS)* | | 2 |
| 31.3. 2010 г. Международная научна конференция «Славянский мир в третьем тысячелетии», проводимой с 1991 г. в рамках празднования Дней славянской письменности и культуры Институтом славяноведения РАН, Комитетом межрегиональных связей и национальной политики Правительства Москвы, Славянским фондом России и Государственной академией славянской культуры | | 1,5 |
| 27-29 ноември 2009, Ѓаково, Р. Хрватска, учество на меѓународен симпозиум *Руска религиска философија - избрани аспекти* | | 2 |
| Јуни 2008, IV International Scientific Conference, *Contemporary Intentions in Education*, Ohrid, R. Macedonia | | 1,5 |
| 23-26 септември 2007, Црес, Хрватска, учество на Меѓународен симпозиум на тема: *Човек и култура*, во рамките на *16-ти Денови на Фрање Петрич* | | 2 |
| Мај 2007, Научна конференција на Граѓанската асоцијација на учителите на Република Македонија | | 1,5 |
| 7 | **Одбранета докторска дисертација** | |
| *Основни проблеми и особености на руската религиска философија*. Одбранета на 12.6.2013 на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | | 8 |
| 8 | **Член на уредувачки одбор на научно списание** | |
| Член на Уредувачки одбор на списанието „Воспитание“ | | 1 |
| Член на Годишен зборник на Факултет за образовни науки | | 1 |
| 9 | **Студиски престој во странство** | |
| Студиски престој (специјализација) на МПГУ, Москва, Русија | | 8 |
| 10 | **Рецензент на научен труд** | |
| Рецензент на труд во списание Diacovensia, Vol.25 No.1 Svibanj 2010 | | 1.5 |
| | **Вкупно од научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **78.5** |
| | | |
| **III СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗИЦИСКО – РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | |
| 1 | **Труд во стручно списание** | |
| „Платон vs Аристотел“ *СУМ* [Штип], *бр.45* (2009), 109 -113 | | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| „Творештвото како акт на Ерос (Платоновото поимање на љубовта)” *СУМ* [Штип], *бр.38* (2003), 109 -113 | | 2 |
| „Информација за реализираниот студиски престој на Московскиот педагошки државен универзитет“, *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], Книга 7, год. 5 | | 2 |
| „Апофатизмот како темел и источник на православната мисла“, *Троичник* [Штип], бр.12 (декември 2005), 33-38 | | 2 |
| „Мојот избор: Кјеркегор, Ниче, Достоевски - тројца сурови реалисти”, *СУМ* [Штип], *бр.31(2001),* 112 - 124 | | 2 |
| 2 | **Член на факултетски орган, комисија** | |
| Член на уписна комисија | | 2 |
| Член на ННС | | 2 |
| Член на дисциплинска комисија на ФОН | | 2 |
| 3 | **Член на институтски орган, комисија** | |
| Член на Управниот одбор на *Философското друштво на Македонија* | | 2 |
| Член на *International Dostoevsky Society* | | 2 |
| Член на *Руското философско друштво* | | 2 |
| Член на *Хрватското философско друштво* | | 2 |
| **Вкупно од стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | **24** |
| | | |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ АКТИВНОСТИ** | | **137** |

***Кандидатот д-р Бошко Караџов ги поднесол следниве документи:***

- Уверенија за стекнатите научни степени (магистер на филозофски науки и доктор на филозофски науки);
- CV;
- Мотивациско писмо;
- Список на објавени научни трудови и реферати;
- Фотокопирани примероци од трудовите;
- Примерок од докторската дисертација;
- Одлука за потврда во избор во наставно-научно звање асистент на првиот приватен Европски универзитет – Скопје;
- Одлука за избор во наставно-научно звање доцент на Универзитетот „Евро-Балкан“ – Скопје;
- Уверение за државјанство;
- Уверение за основно познавање на рускиот јазик (уверението е издадено во 2002 година и има важност од една година).

***Биографски податоци***

**Д-р Бошко Караџов** е роден 1978 година во Велес. Во 2002 година дипломирал на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје, со просечен успех 9,43. Во 2008 година го одбранил магистерскиот труд на истиот Институт на тема „Епистемолошките проблеми на логичкиот реконструкционализам“, а во 2011 година ја одбранил докторската дисертација на тема „Парадоксите на индуктивната логика“, од областа на логика и епистемологија, исто така на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет - Скопје.

Во учебната 2003/2004 година работел како професор по социологија, а во учебната 2012/2013 година како професор по филозофија и логика во Гимназијата „Кочо Рацин“ во Велес. Во 2004 година, во рамки на НВО „Младинска канцеларија“ - Велес, реализирал курс по реторика. Од академската 2007/2008 до 2010/2011 година работел на Европскиот универзитет во Скопје како наставен соработник (асистент) на Факултетот за комуникации и медиуми на Факултетот за политички науки и на Факултетот за правни науки. Во звањето научен соработник/доцент бил избран на Универзитетот „Евро-Балкан“ - Скопје, каде што работел во академската 2011/2012 и во 2012/2013 година.

*Наставно-образовна дејност и научноистражувачка дејност*

Во рамки на наставата на Факултетот за комуникации и медиуми, Факултетот за политички науки и Факултетот за правни науки при Европскиот универзитет, д-р Бошко Караџов, како соработник (асистент), реализирал настава на повеќе наставни предмети од прв циклус: Современи комуникациски теории, Нови медиуми и електронска демократија, Медиумско и комуникациско право, Медиумска и комуникациска етика, Политичка филозофија, Етика во политиката, Методологија на научните истражувања и Етика и деонтологија. Кандидатот не поднесол документ со кои ќе потврди со колкав фонд на часови ја изедувал наставата и вежбите по споменатите предмети.

Во учебната 2011/2012 и 2012/2013 год., кандидатот изведувал настава на втор циклус студии на Универзитетот „Евро-Балкан" по предметите: Античка филозофија, Современа филозофија и Епистемологија на општествените и хуманистичките науки.

Кандидатот ги посетувал следниве обуки:

- Универзитет „Евро-Балкан" – доедукација на средношколски наставници по социологија за теми од областа на родовата анализа и родовите политики, 2006.
- Биро за развој на образование, Факултет за образовни науки при УГД – доедукација на средношколски наставници за употреба на современи дидактички алатки и ИК технологија, 2013

Поради недостиг на информации и докази за фондот на часови што ги одржал кандидатот, членовите на Рецензентската комисија не се во можност да ги вреднуваат со поени овие негови активности во образецот кој треба да ги содржи и овие податоци. Може да се констатира дека д-р Б. Караџов од областа наставно-образовна дејност освоил 6, 00 поени.

Во научноистражувачката дејност ги истакнуваме следниве елементи:

Кандидатот ги објавил следниве текстови:

- „Епистемичката индукција како вердиктички модел во аналитичката филозофија" *Филозофија* (2012): 25-50.
- „Методолошките капацитети на лингвистичките модели во општествените науки: структурална анализа", *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2011): 731-751.
- „Општествениот договор: историски факт или толковен модел", *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2009): 389-404.
- „Научно објаснување: методолошки испитувања", *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2008): 245-268.

***Анализа и оцена на научните и стручни трудови***

**„Епистемичката индукција како вердиктички модел во аналитичката филозофија" *Филозофија* (2012): 25-50**

Во овој текст, д-р Бошко Караџов ја изложува логичката структура на индукцијата како применлив модел за оправдување на научните искази. Имено, го зема значењето на индукцијата во нејзиното проширено значење како постапка на оправдување на научните хипотези, а не само како облик на изведување заклучоци. Според неговото мислење, анализата на овој логичко-епистемички модел е од исклучително значење за клучните епистемолошки прашања во науката. Иако, како што оценува авторот, аналитичката филозофија наметнала ограничувачки методолошки рамки во научните истражувања, сепак, постаналитичките критики не успеале да го обезвреднат целокупнот придонес на нејзините текови. Според мислењето на кандидатот, она што аналитичкиот пристап го изгубил е позитивистичката заложба за аксиоматизација на емпириските науки.

**„Методолошките капацитети на лингвистичките модели во општествените науки: структурална анализа", *Зборник на трудови - ЕУРМ* (2011): 731-751**

Како што укажува насловот на оваа статија, авторот во неа ги испитува методолошките капацитети и епистемолошките карактеристики на лингвистичките модели при нивната примена во општествените и хуманистичките истражувања. Тој посебно се осврнува

на структурализмот, почнувајќи гледиштата на Де Сосир, преку анализите на Пијаже, Делез, Бест и Келнер, Барт, сè до структуралната социологија на Клод Леви-Строс. Авторот заклучува дека структуралните анализи воспоставуваат статички методолошки поглед кон предметот на истражувањето. Д-р Б. Караџов укажува дека со тоа што се става системот, структурата и законите на склопот во преден план, структуралистите ја отфрлаат трансцендентната природа на нештата. Затоа, заклучува тој, структурализмот како метод не може да ги објасни сложените општествени ситуации, имено, тој не може да реферира на општествените процеси - настанок, промена, конфликт и развој. Исто така, структуралистичката теорија за општеството како социјален систем на етаблиран владејачки институционален и нормативен поредок, авторот ја оценува како репресивна и конформистичка идеологија.

**„Општествениот договор: историски факт или толковен модел“,** ***Зборник на трудови - ЕУРМ*** **(2009): 389-404**

Во овој текст, авторот ја испитува теоријата на општествениот договор и си ја поставува задачата да одговори на прашањето дали тој реално можел историски да се случи или претставува само правно-политолошка теоретска модел-конструкција за објаснување на природата на политичкото. Д-р Бошко Караџов смета дека контракционата теорија не е врзана само за нововековните теории на Лок, Хобс и Русо, притоа дијахрониски изложувајќи ги имплицитните наводи во индискиот текст на „Махабхарата“, Digha Nikaya, Платон и Епикур. По опсежната анализа на класичните теории за општествениот договор, авторот изложува холистичка перспектива за општествениот договор, истовремено прифаќајќи ги историските и нормативните теоретски гледишта, притоа дефинирајќи го општествениот договор како дидактичка политичка алатка. На крајот авторот, накратко, се осврнува на Охридскиот договор, како пример за еден вид на општествен договор.

**„Научно објаснување: методолошки испитувања“,** ***Зборник на трудови - ЕУРМ*** **(2008): 245-268**

Во овој текст, д-р Б. Караџов се осврнува на научното објаснување како методолошка алатка и на неговите фундаментали карактеристики, од кои најмногу ја истакнува конзистентната логичка структура и логичките релации во системот на објаснување. Тој посебно се задржува на номолошко-дедуктивниот модел на Хемпел и прави критички анализи на неговите основни поставки, како и на теориите кои го коригираат или се обидуваат да го заменат овој модел. Во заклучните пасуси, кандидатот повторно ја истакнува релевантноста на систематското објаснување на појавите и прикажувањето на логичките релации меѓу исказите преку кои се отвораат можностите за вредносна и гносеолошко-алетиолошка детерминација на научните знаења.

**Докторската дисертација** на Б. Караџов има наслов *„Парадоксите на индуктивната логика“*. Препознавајќи ги проблемите кои се јавуваат во современата епистемологија, но имајќи го предвид и испитувањето на плодотворноста на формалното оправдување на научните познанија, д-р Б. Караџов во својот докторски труд ги препознава парадоксите на индуктивната логика како суштествена тешкотија во оправдувачките епистемиологии. Како што наведува тој, значењето на овие парадокси се исцрпува во фактот што нивното адекватно разрешување ја гарантира рационалноста, објективноста и емпиричноста на научните познанија.

Низ четири тематски целини („Класичниот проблем на индукцијата и парадоксите на индуктивната логика“, „Индукција, веројатност и потврдување: формално-техничките основи за појавата на парадоксите на индуктивната логика“, „Теоријата за конфирмацијата и парадоксите на индуктивната логика“ и „Парадоксите на индуктивната логика како епистемолошки проблеми на теоријата за конфирмацијата“), кандидатот го проблематизира вака поставеното теоретско интересирање. На почетокот д-р Б. Караџов прави историска ретроспектива на класичниот проблем на индукцијата, на која потоа ја надоврзува анализата на врската на индуктивната логика со епистемолошкиот поим на веројатноста, за да дојде до анализа на теоријата на конфирмацијата на чијашто почва се појавуваат парадоксите на индуктивната логика. Врз основа на вака обработените епистемолошки претпоставки

за појавата на парадоксите на индуктивната логика, во последната глава, кандидатот темелно се задржува на двата клучни парадокса: парадоксот на гавранот и парадоксот на зеленсиноста. Во заклучокот, д-р Б. Караџов укажува дека дискусијата околу парадоксите во епистемологијата не е доведена во финална форма.

Членовите на Комисијата утврдија дека д-р Б. Караџов од областа научноистражувачка дејност остварил 14,00 поени.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во рамки на Универзитетот „Евро-Балкан“ од 2011 год. до сега, д-р Бошко Караџов ја извршува функцијата директор на Охридскиот летен универзитет. Во рамките на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот, може да се истакне и неговото учество на следниот научно-стручен собир со реферат:

- „Националниот идентитет и интеграцијата на Република Македонија во ЕУ“ во организација на „МАРШАЛ-ЦЕНТАР“-МАКЕДОНИЈА, одржана на 20.4.2011, Скопје.

Може да се констатира дека д-р Б. Караџов од областа стручно-апликативна организациско-развојна дејност остварил 6,50 поени.

| Бр. | АКТИВНОСТИ: | Бодови |
|---|---|---|
| **I** | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | |
| 1 | Раководител на семинар | |
| | Едукатор по Реторика НВО „Младинска канцеларија“, Велес, 2004 | 2 |
| 2 | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | |
| | Блогови на личен Блог, http://teon.blog.mk (8x0.5) | 4 |
| 3 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | / |
| 4 | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | / |
| **Вкупно од наставно-образовна дејност** | | **6** |
| **II** | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО -УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | |
| 1 | Трудови со оригинални научни резултати објавени во списание опфатено со СЦИ/ЦИ/останати | |
| | *Епистемичката индукција како вердиктички модел во аналитичката философија*, Филозофија, Скопје, бр.33, 2012, 25-50 | 3 |
| 2 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во Зборник на трудови | |
| | *Научно објаснување: методолошки испитувања*, Зборник на трудови, ЕУРМ, 2008, 245-268 | 1 |
| | *Општествениот договор: историски факт или толковен модел*, Зборник на трудови, ЕУРМ, 2009, 389-404 | 1 |
| | *Методолошките капацитети на лингвистичките модели во општествените науки: структурна анализа*, Зборник на трудови, ЕУРМ, 2011, 731-751 | 1 |
| 3 | Одбранета докторска теза | **8** |
| **Вкупно од научноистражувачка дејност и стручно - уметнички активности** | | **14** |
| **III** | СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗИЦИСКО – РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | |
| 1 | Учество на стручен собир со реферат | |
| | *Националниот идентитет: прераскажувања и преплетувања*, реферат приложен на конференцијата „Националниот идентитет и интеграцијата на РМ во ЕУ“, во организација на НВО „Маршал - Центар“, 2011 | 0,5 |
| 2 | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | |
| | Директор на Охридскиот летен универзитет, ЕУРМ, Охрид, 2011 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Директор на Охридскиот летен универзитет, ЕУРМ, Охрид, 2012 | 2 |
| | Директор на Охридскиот летен универзитет, ЕУРМ, Охрид, 2013 | 2 |
| **Вкупно од стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | **6,5** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ АКТИВНОСТИ** | | **26,5** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесените документи, врз основа на Законот за високото образование, како и врз основа на Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на УГД во Штип („Универзитетски гласник“ бр. 2 од 1 ноември 2007 година), членовите на Рецензентската комисија утврдија дека, по сите основи, кандидатот Трајче Стојанов освоил вкупно 137 бода, а кандидатот Бошко Караџов освоил вкупно 26,5 бода. Од пријавените кандидати, единствено д-р Трајче Стојанов ги исполнува условите предвидени со законските акти на УГД.

Според горенаведеното, членовите на Рецензентската комисија имаат чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при УГД во Штип да му предложат да го избере кандидатот Трајче Стојанов во звањето доцент за научните области *историја на филозофијата* и *етика* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.**
**Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.**
**Проф. д-р Драгор Заревски, с.р.**